Сиг. 0802

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 20.07.2008 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3667 | 1 | — |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по јазик и култура на Бошњаците за V одделение на деветгодишното основно образование.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ПРОГРАМА
НАСТАВНА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЈАЗИК И КУЛТУРА НА БОШЊАЦИТЕ

V ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2008

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА V ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да го усовршува читањето со разбирање на различни текстови
- да се оспособува за писмено изразување (текст за: известување, писмо, честитка; покана ;)
- да користи правилен ред на зборовите во реченицата;
- да стекнува знаење за правилата за користење на именки, заменки, придавки, броеви и глаголи во усно и писмено изразување;
- да користи граматички и правописни правила при читањето и пишувањето;
- да чита и прераскажува литературни творби на босански јазик соодветни на возраста;
- да учествува во разговор и да умее да искажува доживувања, чувства, да изнесува факти и сл.;
- да го збогатува речникот со нови зборови од босанскиот јазик;
- да усвојува знаења за народната и уметничка литература и култура на Бошњаците;
- **да развива чувство за припадност кон Република Македонија, бошњачкиот народ и почит кон други култури.**

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Јазик (22 ч аса)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | **1. Граматика** | | |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги воочува особеностите на народниот говор и стандардниот јазик; | Народен и стандарден, литературен јазик | *ученикот не треба да ги знае дефинициите | Активности за:<br>- воочување на карактеристиките на народниот јазик наспроти стандардниот јазик. |
| - да ги знае самогласките и согласките и да ги разликува; | Самогласки и согласки | Самогласки, согласки, | - разликување на самогласките од согласките, нивно правилно изговарање и пишување. |
| - да ги разликува конкретните од апстрактните именки; | Конкретни и апстрактни именки | Конкретни и апстрактни именки<br>Примјери:<br>*Konkretne:* ***majka, sin, lipa i sl.***<br>*Apstraktne:* ***zora, oluja, tuga, sreća i sl.*** | - разликување на конкретните од апстрактните именки.<br>Primjeri: ***Majka*** *pogleda* ***sina*** *i nasmija se.*<br>*Velika je* ***sreća*** *imati dobrog* ***učitelja***. |
| - да разликува прости од редни броеви; | Броеви – прости и редни броеви | Прости броеви, редни броеви.<br>Примјери:<br>*Glavni:* ***jedan, dva, tri itd.***<br>*Redni:* ***prvi, drugi, treći, četvrti itd.*** | - Вежби за разликување на простите и редните броеви.<br>Примјери:<br>***Jedan*** *djecak stajaše na ulici.*<br>*Sve* ***tri*** *sestre se dosta slagahu.*<br>***Prva*** *je bila dosta ćutljiva,* ***dvuga*** *smehom je radila dok* ***treca*** *dočekivaše goste.* |
| - да разликува описни од материјални придавки и | | Придавки: | - Вежби за разликување на описните и материјалните придавки. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| правилно да ги употребува во усниот и писмениот говор;<br><br>- да ги разликува личните и показните заменки во текст;<br>- да употребува глаголи во сегашно, минато и идно време (без дефиниција);<br>- да усвои поим за проста реченица; | Придавки:<br>описни и материјални<br><br>Заменки:<br>- лични,<br>- показни.<br><br>Глаголи<br>- категорија време<br><br>Проста реченица | описни, присвојни и материјални.<br>Primjeri:<br>*-opisni:* ***zelen, plav, ljut i sl.***<br>*-prisvojni: bratov, očev,majkin i sl.*<br>*- gradivni:* ***drveni, zlatni, plastični i sl.***<br><br>Заменки:<br>- лични,<br>- показни.<br>Примјери:<br>*-licne**: ja, ti, on itd**.*<br>*-pokazne:* ***ovaj, taj, onaj itd.***<br>Глаголи<br>(категорија време)<br>- sadašnje<br>- prošlo<br>- buduće<br>Проста реченица | Активности за:<br>- правилна употреба на описните и материјалните придавки.<br>- Вежби со осврт на придавки со наставките: -ov/-ev, -in, -ski, -čki, -ćki, -ji.<br>Primjeri:<br>***Očev** kaput bijo je dosta **star** a ocuvan.*<br>*Odavno nisam okusio **majkinog** hljeba.*<br>*Uhvati se **drvenog** stola i stade plakati.*<br>Активности за:<br>- правилна употреба на лични заменки.<br>Primjer: ***Ja** ga nisam vidjela.*<br>***On** pogleda u izlog.*<br>Активности за:<br>- правилна употреба на показни заменки.<br>Primjeri: ***Ovaj** djecak je bistar.*<br>***Taj** covjek je hrabar.*<br>- Активности за разликување на личните и показните заменки;<br>- употреба на глаголите во сегашно, минато и идно време (без дефиниции);<br>Примјери: *Adila **piše** zadacu.*<br>*Ifet je **naučio** pjesmicu napamet.*<br><br>- Вежби за составување проста реченица.<br>***Doći ću** ti u proleće.*<br>Примјери: ***Djeca crtaju.***<br>***Krojač šije.***<br>***Kosa kosi**.* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |

| | 2. Правопис и правоговор | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| - да ги утврди и прошири стекнатите знаења за правилно пишување и изговарање на гласовите č, ć, dž, đ и h и гласовната група -je/-ије;<br>- да умее да употребува голема и мала буква кај придавките изведени од сопстевени именки;<br>- да знае да ги употребува правописните знаци две точки, наводници, запирка и цртичка; | - Изговор и пишување на гласовите č, ć, dž, đ и h и гласовната група – je/-ије<br><br>- Употреба на голема и мала буква кај придавките изведени од сопстевени именки;<br><br>- Правописни правила кои се однесуваат на подреденост: две точки, наводници, запирки, цртички; | Голема и мала буква кај придавките изведени од сопстевени именки<br>*Primeri:* ***Eminov, Selmin, Ismetov, Ajlin; Sarajevska opera, šekspirovski stil, banjalučki itd.***<br><br>Две точки, наводници, запирки и цртички<br>Primjeri: Voće: jabuka, tršnja, banana i dr.<br>“Aska i vuk” – Ivo Andrić | - Активности за:<br>- утврдување на стекнатите знаења за гласовите č, ć, dž, đ и h.<br>Primjeri:*čaša, čelik, **Č**elebija, **č**oban, **č**u**č**ati, **ć**asa, **ć**uprija, **dž**em, **dž**ezva, **dž**in**dž**uha, **đ**ubre, **h**r**đ**av, vje**đ**a, gro**h**ot, tepi**h** itd.;.*<br>- откривање на грешки во текст од гласовната група -je/-ије.<br>Primjeri: *cv**ije**t-cv**je**tovi, sn**ije**g – sn**je**govi, v**ije**k – v**je**kovi itd.*<br>- правилна употреба на голема и мала буква кај придавките изведени од сопстевени именки.<br>- Вежби за употреба на две точки, наводници, запирки и цртички во реченици и кратки текстови. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Изразување и творење (30часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | **1. Усно изразување** | | |
| - Ученикот/ученичката:<br>- да се оспособува да прераскажува самостојно по даден план;<br>- да раскажува самостојно за сопствени доживувања од набљудување (по даден план);<br>- да опишува самостојно театарски костими, сцена од гледана претстава; ликови;<br>- да известува за актуелни настани и доживувања од екскурзии, посета на институции, организации и др.; | - Прераскажување со следење на хронологијата на настанот<br>- Раскажување на доживувања од посета на установа, набљудување и сл.<br>-Усно опишување:<br>- театарски костими, сцена од гледана претстава,<br>- ликови;<br>- Известување за настан, доживување од екскурзии, посета на институции, организации идр. | прераскажување,<br>раскажување,<br>опишување,<br>известување. | Активности за:<br>- прераскажување на обработени текстови (по даден план).<br>- раскажување на впечатоци од посета на установа од набљудување (според свој план).<br>- Опишување на театарски костими, сцена од гледана претстава.<br>ликови (по даден план);<br>- известување по хронолошки даден план. |
| | **2. Писмено изразување** | | |
| - да прераскажува писмено текст од различни стојалишта;<br>- да прераскажува писмено обработен текст со менување на крајот на текстот или раскажување по даден почеток;<br>- да одговара писмено на прашања од обработен текст; | - Прераскажување на текст како говорител;<br>- Прераскажување на обработен текст ;<br>- Писмено одговарање на прашања;<br>- Раскажување на доживеан настан | Говорник, слушател<br>План за | - Писмени вежби:<br>- прераскажување на текст од различни стојалишта (како говорник, слушател).<br>- прераскажување на обработен текст со менување на завршетокот на текстот - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да раскажува (писмено) доживеан настан;<br>- да раскажува (писмено) по даден почеток;<br>- да опишува писмено (за настан, претстава и ликови):<br><br>- да известува писмено за настани, доживувања од екскурзии, посета на институции, организации идр.<br><br>- да составува самостојно текстови<br>- (писмо) до непознато другарче; | - Писмено раскажување<br>- Писмено опишување:<br>o театарски костими, сцена од гледана претстава;<br>o ликови.<br><br>- Писмено известување за настан и доживување од екскурзии, посета на институции, организации и др.<br>- Писмо до непознато другарче. | раскажување, опишување.<br><br>Театар, сцена, претстава, ликови (главни и споредни).<br><br>настан доживување, писмо. | раскажување по даден почеток.<br>Писмени вежби:<br>- писмено одговарање на прашања од обработен текст;<br>- раскажување на доживеан настан (по даден план);<br>- раскажување со даден почеток;<br>- опишување (по даден план):<br>o театарски костими, сцена од гледана претстава;<br>o ликови.<br>Активности за писмено известување за:<br>- настани и доживувања од екскурзии, посета на институции, организации идр.;<br>- пишување писмо до непознато другарче. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Литература и култура на Бошњаците ( 22 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| - Ученикот/ученичката :<br>- да се оспособува за изразно читање на уметнички и научно-популарни текстови на двете писма;<br>- да умее да чита текст по улоги; | Читање:<br>• Изразно читање со почитаување на изразните вредности (дикција, интонација, темпо, ритам, пауза);<br>• Драмско читање (читање по улоги); | Изразно читање<br>Драмско читање | - Вежби за изразно читање врз текстови со уметничка и научно-популарна содржина на двете писма, со анализа и толкување на значењето на зборовите, карактеристики на изразното читање: правилен, јасен и чист изговор и силината на гласот.<br>Активности за:<br>- драмско читање на улогите. |
| | **2. Литература** | | |
| | **а) Проза** | | |
| - да врши анализа на текст;<br>- да направи самостојно план на текстот што го пишува;<br>- да го определува самостојно местото и времето на настанот;<br>- да опишува лик според (надворешен изглед, лични особини и сл.); | - Разговор и анализа на содржини со различна тематика;<br>- Откривање на местото и времето на настанот во литературни творби.<br>- Опишување на ликови | Тематска анализа.<br><br>Анализа на текст по план,<br><br>лик,. | Активности за:<br>- анализа на тематиката на содржините (по зададени прашања).<br>- правење план за пишување на текст.<br>- одредување на местото и времето на настан.<br>- Опишување на ликови според (надворешен опис, изглед, лични особини и сл.). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **б) Поезија** | | |
| - да ја препознава споредбата како изразно средство. | - Споредбата како изразно средство во песната (препознавање) | Изразно средство: (споредба). | - Вежби за препознавање на споредбата како изразно средство. |
| | **в)Култура на Бошњаците** | | |
| - да го проширува знаењето за музичкото творештво на Бошњаците;<br>- да се запознава со народните обичаи и обреди на Бошњаците;<br>- да знае неколку стари занаети и други обележја на Бошњаците;<br>- да ги увидува сличностите во обичаите, музичкото творештво и сл. кај Бошњаците и другите заедници во Р.Македонија | - Народни песни,инструменти, носии, ора и игри<br>- Народни обичаи и обреди<br>- Стари занаети и други обележја од животот на Бошњаците | - Народни песни, инструменти, носии, ора и игри<br><br>Севдалинке:<br>**"NASA BOSNO, NASE VEL'KO DOBRO", "GDJE SI, DA SI MOJ GOLUBE", "KAD JA ROĐOH NA BENDBAŠU"**<br>Instrumrnt: ***Def***<br>Kolo: ***Rijetko***<br>- Народни обичаи и обреди<br>Primjeri: ***Muška nošnja***<br>- Стари занаети и други обележја од животот на Бошњаците<br>Primjeri: ***Kujundžija*** | Активности:<br><br>- Собирање и слушање на народни бошњачки песни.<br>- Запознавање со традиционалните музички инструменти, носии и ора.<br>- Разговор за обичаите и обредите на Бошњаците.<br>- Посета на занаетчиски дуќан.<br>- Разгледување на фотографии со карактеристични елементи од животот и минатото на Бошњаците.<br>- Разговор за сличностите во културата кај Бошњаците и другите заедници во Република Македонија; |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Предметот **Јазик и култура на Бошњаците** со настава на босански јазик ги опфаќа следните подрачја: **Јазик (Граматика); Изразувње и творење; Литература и култура на Бошњаците.**

При планирањето на наставата во V одделение наставникот/наставничката важно е да има предвид дека треба интегрално да се планираат целите, содржините и активностите од сите наставни подрачја во наставната програма за да може да се постигне целовитост во изучувањето на граматиката, изразувањето и творењето на босански литературан јазик. Исто така, подеднакво треба да внимава, (во интегралното планирање) да не се запостават некои од битни карактеристики на босанскиот јазик што се предвидени со наставната програма, како и содржините од литературата и културата на Бошњаците. Бидејќи овој наставен предмет во V одделение се изучува со по два час неделно, наставната програма одговара на развојните карактеристики на учениците и предвидениот фонд на часови. Така наставникот може да планира глобално во рамките на 20 наставни часови да посветува соодветно внимание на содржините и активностите за јазик од граматиката, правописот и правоговорот ; на 30 наставни часови да планира содржини и активности за изразување и творења; на 22 наставни часови за содржини и активности за литературата и културата на Бошњаците (народни песни, инструменти, носии, ора и игри; обичаи и обреди; стари занаети и други обележја во животот на Бошњаците) кои се интегрирани со другите наставни подрачја;

Како што е веќе наведено, секое наставно подрачје интеракциски упатува на системот на предметот јазик и култура на Бошњаците на босански јазик. Всушност предметните подрачја даваат такви можности според структурата, т.е. нивните содржини, па во таа смисла не може да се разработуваат содржини (песни, раскази, народни приказни, басни и сл.), а притоа да не се користат формите на изразување и творење (прераскажување, опишување) или да не се внимава на граматичката точност при говорењето и пишувањето) или, пак, содржините за јазикот да се разгледуваат независно од текстовите што се обработуваат, како и да не се користат знаењата за јазикот во изразувањето и творењето). Оваа поврзаност на наставата на босански јазик е битна карактеристика, исто како што е и поврзаноста на предметот со другите предметни содржини, што претставува важен принцип во реализацијата на наставата во основното училиште.

При планирањето на содржините наставникот/наставничката треба да се придржува на правилата на постапност и систематичност, така што во текот на учебната година да се даде акцент за разработка на содржини и активности со користење на латиницата.

Исто така, за да може да се постигне целта на наставата по овој предмет се налага потреба наставникот/чката да планира и да обработува претежно содржини ( текстови, песни, раскази и сл.) на босански јазик во кои се содржат теми за обичаите и другите обележја од областа на јазикот и културата на Бошњаците.

Освен тоа наставникот/наставничката треба да посвети поголемо внимание за правилна употреба на падежите во босанскиот јазик во усното и писменото изразување кај учениците.

*Наставни средства:*

- учебник избран на ниво на училиште за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- енциклопедии, речници и сл.;
- аудио-визуелни средства и други средства во зависност од предметот - ЦД;
- други извори на учење: Интернет.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

На почетокот на учебната година наставникот/наставничката прибира показатели со цел да се запознае со предзнаењата на учениците за босанскиот јазик, во функција на квалитетното планирање и реализирање на идните активности. Исто така, треба да воспостави контакт со родителите и да ги запознае со карактеристиките на наставната програма по босански јазик за V одделение  начинот на обработката на содржините во наставата и следењето на постигањата на учениците како и тоа што во текот на учебната година ученикот се оценува описно и бројчано а на крајот на наставната година успехот се соопштува со сведителство со бројчани оценки. Притоа треба да се нагласи дека оценката по овој предмет влијае на општиот успех на ученикот.

*ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ* - Во текот на наставата по босански јазик во петто одделение се препорачува формативно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:

- собирање на показатели (детски изработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно;
- тековни (формативни), однапред подготвени, евалвациони листи за секој ученик, кои се пополнуваат по конкретни активности или студии на случај во кои наставникот ја бележи фактичката состојба;

*СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ* - Врз основа на целокупните податоци од формативното оценување наставникот на во текот на годината ги оценува со описна и бројчана оценка, а на крајот на наставата изведува само бројчани оценки.

*ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО*

- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци за ученикот се пренесува во наредното, повисоко одделение.

*НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ* - Согласно со природата на предметот јазик и култура на Бошњаците на босански јазик во петто одделение, може да се применуваат различни методи и техники за *усно и писмено проверување на постигањата на ученикот( говорни вежби,презентации,писмени вежби, и сл. ).*

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и на наставните средства за I до VI одделение донесен од страна на Министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во петто одделение може да ја изведува лице кое говори на босански јазик и кое завршило:

Филолошки факултет – наставена насока :

- Историја на книжевноста на народите на СФРЈ, со српски јазик како втор глевен предмет (по стара програма);
- Македонска книжевност и јужнословенска книжевност, со српски јазик како втор главен предмет;
- Македонски јазик, српски јазик и книжевност;
- Српски јазик под А ( по стара програма);
- Босански, хрватски, српски јазик и книжевност;

## 7. КОМИСИЈА КОЈА ЈА ПОДГОТВИ НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

-Ениса Рамиќевиќ, професор по македонска и јужнословенска книжевност при ОУ „ Алија Авдовиќ" - Скопје
- м-р Емина Авдиќ, Филолошки факултет – Скопје
- м-р Зеќир Рамчиловиќ, Културен центар на Бошњаците – Скопје
- Зилха Биберовиќ, професор по одделенска настава при ОУ „Рајко Жинзифов" – Велес
- Жанета Чонтева, психолог, УНИЦЕФ
- м-р Таше Стојановски – советник во Бирото за развој на образованието - координатор

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по јазик и култура на Бошњаците на босански јазик за петто одделение во деветгодишното основно образование ја донесе:

Министер
________________________
Сулејман Рушити

*РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА Бр. 07-4095/1 22 05 2008 год. СКОПЈЕ*

на ден ____________
Скопје ____________